**Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија** **PEFC BS 04:2021**

**Institute for forest certification in Slovenia**

**Association of private forest owners “Naša Šuma”**

# Процедури за сертификација и акредитација

Име на документот : Процедури за сертификација и акредитација

Ознака на документот: PEFC BS 04:2021

Одобрено од:
Совет за одржливо стопанисување со шумите во Република Македонија
Institute for forest certification in Slovenia
Association of private forest owners “Naša Šuma”

Датум на издавање: 10.06.2021

Датум на влегување во сила: 10.06.2021

**1. Вовед**
Во процесот на сертификација на стопанисување со шумите (индивидуална или групна), Телото за Сертификација (ТС) мора да спроведе ревизија во согласност со меѓународно признати процедури. Затоа, ТС мора да поседува акредитација која е издадена од страна на Националното Тело за Акредитација (НТА) кое мора да е членка на Меѓународниот Форум за Акредитација (International Accreditation Forum, IAF) и/или на Европската Соработка за Акредитација (European co-operation for Accreditation, EA).

Во процесот на градење на PEFC Балкански Систем за Сертификација на Шумите (БССШ), три PEFC Национални Тела за Управување (НТУ) од Словенија, Северна Македонија и Босна и Херцеговина учествуваа и го донесоа БССШ.
Овој документ исто така може да им послужи на членките на PEFC од земјите кои припаѓаат или граничат со Балканскиот Регион и имаат желба да се приклучат ко БССШ, доколку ги прифатат принципите на БССШ и ја усвојат целокупната документација која е развиена покрај националните стандарди за одржливо стопанисување со шумите (ОСШ).
PEFC БССШ ги поддржува напорите на новите земји кои сакаат да се приклучат на овој систем и со тоа да дадат свој придонес кон заложбите на  PEFC за одржливо стопанисување со шумите во светот.

Во принцип, ТС кое е акредитирано од страна на НТА е подобно да спроведува сертификација за ОСШ според барањата на PEFC БССШ. Во земјите кои учествуваат во PEFC БССШ и каде НТА се уште немаат развиено процедури за акредитација, било кое ТС кое е акредитирано од страна на било кое НТА од земјите учеснички може да спроведува сертификација за ОСШ.

Процедурата за сертификација може да се спроведе само од страна на ТС кое е независно и непристрасно тело кое нема никакво учество во процесот на донесување на стандарди, процедури за сертификација и акредитација.

**2. Опфат**
Овој документ ги пропишува процедурите за сертификација и акредитација кои ТС мора да ги исполни за да може да спроведува сертификација за ОСШ според барањата на PEFC БССШ.

Барањата кои се пропишани во овој документ може да бидат променети во случај на промени во документацијата донесена од страна на Советот на PEFC.

Барањата кои се однесуваат на ТС кои спроевдуваат ревизија на исполнување на барањата за ланецот на проверка се пропишани во “Requirements for Certification Bodies operating Certification against the PEFC International Chain of Custody Standard” (PEFC ST 2003:2020).

**3. Референтна документација**
PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Македонија - PEFC MK 03:2021;
PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Словенија - PEFC SL 03:2021;
PEFC Национален стандард за одржливо стопанисување со шумите во Босна и Херзеговина - PEFC B&H 03:2021;
Правила и процедури за групна сертификација - PEFC BS 06:2021;
Правила за употреба на PEFC лого – барања - PEFC ST 2001:2020;
Процедури за издавање на лиценца за употреба на PEFC трговска марка - PEFC BS 07:2021;
Нотификација на тела за сертификација - PEFC BS 05:2021;

ISO/IEC 17021-1, “Conformity assessment – Requirements for bodies providing audit and certification of management systems”, последна верзија;
ISO 19011, “Guidelines for auditing management systems”, последна верзија;
ISO/IEC 17011, “Conformity assessment – General requirements for accreditation bodies accrediting conformity assessment bodies”, последна верзија;

**4. Акредитација на Тела за Сертификација**

4.1. Процедури за акредитација
Телата кои спроведуваат сертификација за ОСШ во согласност со барањата на PEFC националните стандарди за ОСШ, вклучително и групната сертификација, мора да се акредитирани. Акредитацијата задолжително се добива од страна на НТА кое мора да е членка на IAF и/или на EA.

НТА кое спроведува акредитација на ТС мора да ги спроведе процедурите во согласност со барањата на ISO/IEC 17011 (последна верзија) “Conformity assessment – General requirements for accreditation bodies accrediting conformity assessment bodies”. Постапките за акредитација мора да се спроведат во согласност со легислативата.

Како што е назначено погоре, било кое било кое ТС кое е акредитирано од страна на било кое НТА од земјите учеснички во PEFC БССШ може да спроведува сертификација за ОСШ.

4.2. Нотификација на ТС
ТС кои спроведуваат ревизија на ОСШ (индивидуална или групна) мора да се нотифицирани од страна на НТУ кои се авторизирани од страна на Советот на PEFC за управување со PEFC систем во земјата и во согласност со процедурите пропишани во документот Нотификација на тела за сертификација - PEFC BS 05:2021.

4.3. Ревизија на ОСШ, вклучително и групна ревизија
ТС кои спроведуваат проверка на исполнување на барањата за ОСШ (индивидуална и групна) мора да ги исполнат барањата на ISO/IEC 17021-1 (последна верзија) “Conformity assessment – Requirements for bodies providing audit and certification of management systems”, дополнето со специфичните барања на PEFC НТУ за потребна секторска експертиза.

ТС мора да:
1. Ги исполнат генералните барања за ТС дефинирани во стандардот ISO/IEC 17021 (последна верзија).
2. Спроведат документирана метода во согласност со која може да се спроведе ревизија на стопанисувањето со шумите (сертификациска процедура).
3. Имаат добро познавање на PEFC БССШ.
4. Поседуваат компетентност за стопанисување со шумите и влијанието на истото по економијата, социјалните и вредностите на животната средина.

4.4. Дополнителни барања
Дополнителните барања за ТС кои спроведуваат ревизија на исполнувањата на барањата за ОСШ, во врска со стандардот ISO/IEC 17021-1 се:

4.4.1. Регистрација и информирање
ТС мора да обезбедат информации на НТУ за сите издадени сертификати за ОСШ во согласност со PEFC БССШ и за сите измени во врска со важноста и содржината на сертификатот. Во таа смисла, ТС мора да ги чува и да ги ажурира податоците за сите издадени сертификати (индивидуални или групни) во согласност со PEFC БССШ.

Регистерот со информации поднесен до НТУ мора да ги содржи следните информации:

**За сертифицирани шуми според индивидуална сертификација:**
- податоци за сопственикот (менаџерот) на шумата (име на личноста, сопствениците или правното лице)
- податоци за сертифицирана површина (локација, површина во ха)
- адреса
- контакт број, електорнска адреса
- име и презиме на контакт лице
- број на сертификатот
- датум на кој сертификатот влегува во сила
- датум на истекување на сертификатот

**За сертифицирани шуми според групна сертификација:**
- име на организацијата
- вкупна површина и локација на сертифицираните шуми
- име и презиме на контакт лице
- адреса на контакт лицето
- контакт број, електорнска адреса
- број на сертификатот
- датум на кој сертификатот влегува во сила
- датум на истекување на сертификатот

4.4.2. Откажување на сертификат

Сопственикот на сертификатот може да се откаже од истиот во секое време.
Откажувањето стапува на сила кога ТС ќе добие писмено барање од страна на сопственикот на сертификатот.

4.4.3. Поништување и повлекување на сертификат

ТС може да ја поништи валидноста на издаден сертификат на база на наодите за време на ревизија. ТС е должно во рок од 14 дена да го извести НТУ за секој поништен или повлечен сертификат (индивидуален или групен) за ОСШ.

4.5. Процедури за ревизија на ОСШ (индивидуална или групна)

4.5.1. Генерални принципи

Дефинирањето на целите на ревизијата е секогаш одговорност на апликантот. Опфатот и ограничувањата се претходно дефинирани за да може да се исполнат целите на ревизијата. Опфатот на ревизијата е одреден од страна на главниот ревизор одреден до страна на ТС. Целта на ревизијата е да се оцени дали доказите кои се прибрани од страна на ревизорот се во согласност со критериумите за ревизија.
Критериумите за ревизија се примарно барањата на PEFC Национални стандарди за ОСШ на Северна Македонија или Словенија или Босна и Херцеговина, како и Правила и процедури за групна сертификација - PEFC BS 06:2021. Дополнително на тоа, ревизорот може да дефинира и други критериуми, како политика, легислатива, упатства, пракси и процедури.
Целта, опфатот и критериумите за ревизија се документирани во планот за ревизија според кој се извршува ревизијата. Планот за ревизија мора да содржи индикации за временската рамка, локациите, личностите и други информации за кои се потребни претходни подготовки од страна на ревизорот. Ревизијата се спроведува од тим на ревизори. Дополнително на главниот ревизор, тимот се состои и од адекватен број на ревизори. Секторската компетентност на

ревизорите може да се надополнува ако е потребно сео технички експерти кои не се ревизори. Тимот на ревизори е поставен од ТС, кое обезбедува компетентност, независност и други подобни квалитети кон задачите на членовите на тимот.

ТС мора да постави внатрешни процедури за ревизија и сертификација за ОСШ во согласност со барањата на PEFC БССШ.

Процесот се содржи од неколку фази:
1. Апликација и согласност за сертификација
2. Пред ревизија
3. Проверка на документација и подготовка за ревизија
4. Ревизија за сертификација
5. Извештај за сертификација
6. Одлука за сертификација
7. Информација до PEFC НТУ
8. Супервизија
9. Ресертификација

<u>4.5.2. Апликација и согласност за сертификација</u>
Како прв чекор, апликацијата за спроведување на сертификација мора да се поднесе од страна на апликантот до акредитираното ТС, зависно од нивото на сертификација.
Пред да се започне со активности за сертификација, потребно е да се потпише договор за сертификација помеѓу апликантот и ТС. По потпишување на договорот, потребно е да се достави потребната документација до ТС од страна на апликантот.

<u>4.5.3. Пред ревизија</u>
На доброволно ниво, ТС може да изврши пред ревизија. Целите на предревизијата е да се гарантира дека сите барања за да добие сертификација се земени во обзир во апликацијата. Спроведувањето на пред ревизија е за да се избегне непотребно губење на време поради формални недостатоци.

<u>4.5.4. Проверка на документација и подготовка за ревизија</u>
ТС задолжително ги проверува документите кои се доставени од апликантот и одредува дали се доставени сите неопходни документи. Документите и процедурите коои мора да се исполнат од страна на апликантот ја формираат основата за сертификација и се користат од страна на ТС да ја провери усогласеноста со барањата на PEFC.

Во случај на позитивна оценка на доставената документација, ТС припрема план за следни активности и истиот се доставува до апликантот кој решава дали ќе продолжи со процесот. По добивање на позитивен одговор, ТС номинира квалификуван ревизор да изврши ревизија на усогласеност со критериумите за сертификација за ОСШ.

<u>4.5.5. Ревизија за сертификација – главна ревизија</u>
Главната ревизија се одвива еднаш во период од пет години. Максималниот период за извршување на главна ревизија не е подолг од пет години. Ревизијата за сертификација се одвива во следните фази:

<u>а) Јавна консултација</u>
Пред да се изврши оцена на усогласеност со барањата на PEFC Националниот стандард за ОСШ PEFC МК 03:2021, PEFC SL 03:2021, PEFC B&H 03:2021, се бара да се спроведе консултација со релевантни засегнати страни од областа каде се спроведува сертифкација. Временскиот

период за консултација не е пократок од 14 дена и се објавува не веб страните на ТС и НТУ. Кога ќе се оценува усогласеноста, релевантните забелешки и коментари од засегнатите страни мора да се земат во обзир.

б) Иницијален состанок
Пред да се започне со ревизија, ТС и апликантот имаат состанок за да се дефинираат целите и опфатот на ревизија, временската рамка, избраните области за проверка, да ги презентираат членовите на тимот (ревизори и технички експерти) и да дефинираат други детали кои се од техничка природа со цел успешно спроведување на ревизијата.

в) Обезбедување на податоци за оценка
Усогласеноста со стандардот за ОСШ од страна на апликантот се оценува во согласност со барањата кои се назначени во PEFC Националниот стандард за ОСШ PEFC MK 03:2021, PEFC SL 03:2021, PEFC B&H 03:2021. Ревизорот мора да обезбеди основни податоци за оцена на исполнување на барањата од страна на апликантот.
Во случај на групна сертификација, ревизијата се спроведува на примерок кој не е помал од квадратниот корен од бројот на учесниците во групата.

г) Ревизија на лице место
Во опфатот на PEFC сертификација, ревизијата на лице место е алатка за контрола на сопствениците на шума кои аплицирале и декларираат нивно учество во системот за сертификација. Проверката се спроведува од страна на ревизори на акредитирано ТС. Во состав на ревизијата на лице место, се проверува усогласеноста со барањата за ОСШ и спроведувањето на процедурите за стабилност на системот од страна на учесниците (сопственици, претпријатија и нивни организациски единици).
Во зависност од нивото на апликација (друпна, индивидуална), адекватни процедури за анализа на примероци се спроведуваат.

д) Евалуација на податоците од спроведена оценка
ТС спроведува евалуација на исполнувањето на барањата за ОСШ од трана на апликантот и одредува дали постојат некакви неусогласености кои мора да се разрешат за да се обезбеди потполна усогласеност со барањата за ОСШ.

ѓ) Финален состанок
ТС ги презентира резултатите од спроведената ревизија со апликантот, вербално и во пишана форма. На финалниот состанок, резултатите од ревизијата на сите единици му се колективно презентирани на апликантот. Опсервациите од ревизијата кои не се во согласност со критериумите за ревизија се секогаш документирани во ревизорскиот извештај.

е) Извештај за спроведената ревизија
Извештајот за спроведената ревизија се спрема во согласност со процедурите на ТС. Сижето од ревизорскиот извештај, вклучително и сиже од наодите за усогласеноста на апликантот со PEFC стандардот за ОСШ во земјата, подготвен од ТС, мора да биде јавно достапен од страна на НТУ. Барањата за јавна консултација и јавната достапност на сижето од сертификацискиот извештај мора да се реализира во рок од 6 месеци од официјалното прифаќање на овој документ.

4.5.6. Извештај за сертификација
Извештајот за сертификација мора да ги вклучи следните елементи:
- Податоци за инволвираните ревизори од страна на ТС;
- Опфатот на сертификацијата;

- Усогласеност со барањата за сертификација. Забелешките и можните девијации мора да се вклучат во извештајот;
- Сиже од јавната консултација;
- Финално сиже од целосниот извештај кој е отворен за јавноста и обезбеден од страна на ТС.

4.5.7. Одлука за сертификација

Одлуката за сертификација се донесува од страна на ТС на основа на ревизорскиот извештај. Одлуката може да е позитивна, условна или негативна. Позитивната одлука води кон издавање на сертификат.

Основата за условна или негативна одлука за сертификација се базира на неусогласеност во однос на критериумите за сертификација. Условната одлука за сертификација бара да се донесе план за спроведување на корективни активности и корегирање на неусогласеностите во согласност со временска рамка за која ќе се донесе дополнителна согласност. Сертификатот може да се издаде условено кога планот за корективните активности ќе се одобри.

Неусогласеностите со критериумите за сертификација мора секогаш да одат кон корективни активности и можно одбивање, одложување или повлекување на сертификатот.

Неусогласеностите се класифицирани како мали или големи. Малите неусогласености не секогаш се пречка за издавање на сертификат. Големите неусогласености секогаш се пречка за издавање на сертификат.

4.5.8. Валидност на сертификатот

Сертификатот е валиден за период од највеќе 5 години. ТС може да го повлече трајно издадениот сертификат или да го суспендира временски истиот. Одлуката за повлекување или суспензија и оправдувањето за истата се комуницирани писмено со апликантот.

Апликантот може да го откаже сертификатот за време на неговата валидност. Откажувањето стапува на сила веднаш откога ТС ќе прими информација на пишан начин.

4.5.9. Информации коисе однесуваат на НТУ

ТС го информира НТУ за сите издадени индивидуални или групни сертификати како и за тековните промени во однос на нивниот опфат или валидност.

4.5.10. Супервизија

ТС мора да спроведе супервизија на сертифицираните шумски подрачја (индивидулани или групни) најмалку еднаш годишно во време на валидност на сертификатот со цел да се потврди континуирана усогласеност со барањата на БССШ. Супервизијата може да исклучи спроведување на јавна консултација.

Сопствениците на сертификат мора итно да го известат ТС за секоја промена во процедурите за менаџмент или процедурите кои се однесуваат на податоци кои се веќе регистрирани осд страна на ТС, со цел да се спреми план за корекции доколку е тоа потребно.

4.5.11. Ресертификација

Процедурата за ресертификација се спроведува по истекот на сертификатот кој е валиден 5 години. Процедурата за ресертификација е идентична како и за иницијална сертификација.

4.6. Информации за сертификатите

Сертификатот мора да ги содржи најмалку следните информации:
- Име и адреса на сопственикот (менаџерот) на шумата или претставникот на групата;
- На кој стандард се однесува сертификатот;
- Локација и површината на шумата на која се однесува сертификатот;
- Датум на издавање и валидност;
- Број на сертификатот;

- Име на ТС, акредитацискиот симбол на релевантното НТА и бројот на акредитација на ТС;

4.6.1. Поврзаност со стандарди
При сертификација се проверува усогласеноста со следните стандарди:

- PEFC Национален стандард за ОСШ во Северна Македонија или Словенија или Босна и Херцеговина - PEFC MK/SL/B&H 03:2021;
- Правила и процедури за групна сертификација - PEFC BS 06:2021;
- Правила за употреба на PEFC лого – барања - PEFC ST 2001:2020;
- Процедури за издавање на лиценца за употреба на PEFC трговска марка - PEFC BS 07:2021;

4.7. Жалби и поплаки
Документот Процедури за жалби и поплаки, PEFC BS 08:2021 е применлив за овој документ.

## Анекс 1

## Критериуми за квалификации за надворешни ревизори и ТС и сертификациски процедури

### 1. Цел на документот

Овој документ ги дефинира критериумите за квалификации за надворешни ревизори и ТС како и процедурите за сертификација за ОСШ. Советот на PEFC признава сертификација за ОСШ и надзор на ланец на производи од шума базирани на меѓународни процедури за сертификација и акредитација како што е дефинирано во документацијата на International Standardization Body (ISO) и European co-operation for Accreditation (EA) како и International Accreditation Forum (IAF). Овој документ е дел од серијата на стандарди кои ги пропишува PEFC Балкански Систем за Сертификација на Шуми (БССШ).

### 2. Опфат и област на апликација

Овој документ ги дефинира критериумите за квалификација на надворешни ревизори, ТС и сертификациски процедури.

Овој документ е аплициран во согласност со PEFC Балкански Систем за Сертификација на Шуми (БССШ) и опфаќа:

- PEFC Национален стандард за ОСШ во Северна Македонија или Словенија или Босна и Херцеговина - PEFC MK/SL/B&H 03:2021;
- Правила и процедури за групна сертификација - PEFC BS 06:2021;
- Правила за употреба на PEFC лого – барања - PEFC ST 2001:2020;
- Процедури за издавање на лиценца за употреба на PEFC трговска марка - PEFC BS 07:2021;

### 3. Квалификациски критериуми за ревизори

### 3.1 Сертификација за одржливо стопанисување со шуми

Квалификациските критериуми за ревизори кои се ангажирани за сертификација за ОСШ се базираат на генералните упатства за ревизија на квалитет и/или системи за управување со животна средина или генералните критериуми за ТС кои спроведуваат ревизија на менаџмент системи и се комплементарни со секторска експертиза.

Ревизорите мора да:
1. Исполнуваат генерални критериуми за ревизија на квалитет и системи за управување со животна средина како што е дефинирано во ISO 19011.
2. Исполнуваат генерални критериуми за ТС кои спроведуваат ревизија на менаџмент системи по ISO/IEC 17021-1.
3. Имаат добро познавање на PEFC БССШ во однос на стопанисување со шумите.
4. Има генерално познавање на шумарскиот сектор, пракса и легислатива во земјите кои се дел од БССШ (Северна Македонија, Словенија и Босна и Херцеговина) и влијанието на стопанисувањето со шумите по економските, социјални и вредностите по животната средина. Дополнителна и детална експертиза на горе споменатите области задолжително е поддржана од локални експерти.
5. Професионална експертиза во стопанисување со шумите и влијанието по животна средина докажана на основа на соодветно образование и/или професионално искуство. Ревизорот мора да поседува најмалку факултетска диплома од шумарство и најмалку 5 години искуство во стопанисување со шуми.
6. Практично искуство во ревизија (најмалку 5 ревизорски денови како ко-ревизор за PEFC SFM, од кои 3 дена ревизија на лице место).

## 4. Критериуми за квалификации за тела за сертификација (ТС)

### 4.1 Акредитација

ТС кои спроведуваа ревизија на ОСШ мора да се акредитирани од страна на НТА во земјата за да може да спроведува ревизија на барањата на БССШ.

Во земјите кои учествуваат во PEFC БССШ и каде НТА се уште немаат развиено процедури за акредитација, било кое ТС кое е акредитирано од страна на било кое НТА од земјите учеснички може да спроведува сертификација за ОСШ.

Акредитацијата мора да е издадена од страна на НТА кое е дел од European cooperation for Accreditation (EA) и/или International Accreditation Forum (IAF) и кое спроведува процедури опишани ISO 17011и други документи препознаени од горе споменатите организации.

Акредитацискиот симбол на релевантното Тело за Акредитација мора да е дел од секој издаден сертификат за ОСШ.

### 4.2 Сертификација за одржливо стопанисување со шумите

Квалификациските критериуми на ТС кои се применети во тек на ревизиите се базирани на генералните критериуми за сертификација на квалитет и менаџмент со животна средина, дополнета со секторска експертиза применета во стопанисување со шумите. Применетите процедури за ревизија мора да се во согласнсот со барањата на ISO 19011.

Телата за сертификација мора да:
1. Ги исполнат барањата за ТС дефинирани во последната важечка верзија на ISO 17021.
2. Применуваат документирана метода преку која стопанисувањето со шуми може да се ревидира и сертифицира.
3. Спроведува сертификација за ОСШ како "акредитирана сертификација" која базира на последната важечка верзија на ISO 17021 и има релевантен стандард за ОСШ кој е покриен со опфатот на акредитација.
4. Има генерално познавање на стопанисувањето со шумите и неговот влијание по животната средина.
5. Има добро познавање на PEFC БССШ во однос на стопанисувањето со шумите.
6. Да е непристрасна, независна трета страна која не може да биде инволвирана во процесот на донесување на стандардот како управно или тело за носење на одлуки или во стопанисувањето со шумите и е независно од ентитетот кој е предме на сертификација.

Професионалната експертиза во стопанисување со шумите и влијанието по животната средина се докажува на база на искуството во спроведување на сертификација на терен и/или соодветното образование на вработените.